Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино" од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино" од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа" од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството" од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија" од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ....... 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ....... 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ....... 163

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЛЕКТОР ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 2402-189/7 од 17.10.2012 г. донесена на 71. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 17.10.2012 г., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на ***лектор*** за научната област ***англистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 5.10.2012 г. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Биљана Петковска, кореспондент по англиски јазик при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Биљана Петковска** е родена на 20 јуни 1985 година во Штип, Р. Македонија. По завршувањето на нејзиното средно образование во родниот град дипломира во 2008 година на Катедрата за англиски јазик и книжевност - Преведувачка насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. По дипломирањето ги полага наставничките компетенции на Педагошкиот факултет при УГД. Во октомври 2008 година се запишува на постдипломски студии на Филолошкиот факултет при Државниот универзитет во Тетово, каде што магистрира во септември 2011 година и се стекнува со титула магистер по англиски јазик. Од 2007 до 2008 година работи како професор по англиски јазик во приватно училиште. Од 2008 година до денес е вработена на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на местото кореспондент.

***Работно искуство***

Во текот на своето работење на Универзитетот „Гоце Делчев“ Биљана Петковска држи вежби по предметите: Современ англиски јазик 2, 5, 6, 7 и 8, Морфологија на англискиот јазик 1 и 2, Превод од англиски на македонски јазик 1, 2, 3 и 4 на Филолошкиот факултет и Англиски јазик 2 и 4 како изборен предмет – втор странски јазик на Економскиот факултет, Англиски јазик како изборен на Правниот факултет, Англиски јазик 1 како задолжителен предмет и Англиски јазик 2 како изборен предмет на Земјоделскиот факултет, Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за информатика во Струмица. Во текот на својата работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции, како од областа на образованието и воспитанието, така од областа на својата тесно-стручна усовршеност од областа на филолошките науки.

***Стручна и наставно-научна активност***

Во изборниот период м-р Биљана Петковска учествува на повеќе меѓународни симпозиуми, конгреси и конференции во земјава и надвор од неа, и тоа како од областа на образованието и воспитанието, така од областа на својата тесно-стручна усовршеност, односно од областа на филолошките науки, при што има објавено поголем број на стручни и научни трудови, а други се во печат.

***Учество на симпозиуми, конгреси и конференции***

– 31.10.2009-1.11.2009 **-** Третиот интернационален конгрес за применета лингвистика „Applied Linguistics Today: Between Theory and Practice“, Нови Сад, Србија.

- 16.11.2009-18.11.2009 - Интернационалната конференција за образование, истражување и иновации „ICERI 2009“, Мадрид, Шпанија.
- 04.02.2010-08.02.2010 **-** Светската конференција за образовни науки при Универзитетот „Bahcesehir“, Истанбул, Турција.
- 26.11.2010- 27.11.2010 - “FILOLOŠKA ISTRAŽIVANJA DANAS - Jezik, književnost i komunikacija“ – FID 2010. Белград, Србија
- 08.04.2011- 09.04. 2011 **-** ELTA- Нови Сад, Србија
- 02.02.2012- 05.02.2012 **-** Светската конференција за образовни науки, Барселона, Шпанија.

***Учество на обуки***

- ИНТЕГРИРАЊЕ НА ИТ АЛАТКИ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Центар за е-учење, јули 2011 година

***Објавени научни трудови***

1. Koceva D., **Petkovska B**., (2009): “Assessment of student learning”. International Conference and Innovation „ICERI 2009“, Madrid, Spain, 16.11.2009- 18.11.2009, 1612/ pg.002863- 002867.
2. Коцева Д., **Петковска Б**., (2009): „Лексичката негација во македонскиот, германскиот и англискиот јазик“. III Меѓународен конгрес за применета лингвистика, Филозофскиот факултет во Нови Сад, Србија, 29.11 – 1.12.2009 г.
3. Ulanska T., Kirova S., **Petkovska B**., Koceva D., (2010): “Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia”. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, *Volume 2, Issue 2*, *pp. 2510-2513*.
4. **Petkovska B**., Koceva D., Kirova S., Ulanska T. (2009): “Standards for student’s assessment in primary school“. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, *Volume 2, Issue 2*, *pp. 2366-2370*.
5. **Петковска Б.,** „Лингвистички структурализам“ - Годишен зборник 2010, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 149-154.
6. Kuzmanovska, D., **Petkovska**, **B.**, Vesna Niceva, “Professional retraining and supplementary education for information society” – VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education – Ohrid, 29.9. - 1.10.2011.
7. Кузмановска Д., Веселинова Д., **Петковска Б.** - Разграничување на поимите преведување и толкување – Зборник на Филолошки факултет при УГД – 2011.
8. Kirova S., **Petkovska, B**., Koceva D., “Investigation of motivation and anxiety in Macedonia while learning English as a second/foreign language”. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, *Volume 46*, *pp. 3477-3481*.
9. Jovanov D., Sijakova-Ivanova T., **Petkovska B**., “X-Ray diffraction and mineralogical study of vertisol in Eastern Macedonia”, *The IIOAB Journal*- India.

Евалуација на трудот “Assessment of student learning” - Во овој труд се разработува разликата помеѓу традиционалното и модерното оценување и кои се предностите и недостатоците од истите преку претпоставки и можни одоговори и објаснувања.

Евалуација на трудот „Лексичката негација во македонскиот, германскиот и англискиот јазик“ – Во овој труд  се разработуваат видовите на лексичката негација во македонскиот, германскиот и англискиот јазик со нивна споредба преку примери и нивна обработка.

Евалуација на трудот “Initial English language competences in elementary state schools in Macedonia“ - Во овој труд се разработуваат почетните резултати од имплементацијата на англискиот како странски јазик во основните училишта во Р. Македонија, со преглед на компетенциите кои се совладуваат согласно со рамката за јазици на Европа.

Евалуација на трудот “Primary school education: Standards for student’s assessment in primary school“. Во овој труд се разработува системот на основно образование во делот каде што се спомнува изучувањето на странски јазик. Овој труд се фокусира на изучувањето на англискиот јазик во деветгодишното основно образование во Република Македеонија,

презентирајќи ги компетенциите кои етапно се вклучуваат во процесот и начинот на нивна евалуација.

Евалуација на трудот „Лингвистички структурализам“ – Во овој труд се разработува лингвистиката како млада научна дејност чијашто цел е да го истражи јазичниот ентитет и создавањето на лингвистичкиот структурализам кој донесе нови погледи на знаењето на фактите.

Евалуација на трудот “Professional retraining and supplementary education for information society” – Во овој труд се разработува улогата на денешните наставници, нивната желба за нови знаења и вештини прифаќајќи одредени стратегии и систем за технолошка поддршка за нивната работа кои постојано ќе ги потсетуваат дека можат и имаат потреба од барање на нови методи, ниво на знаење и резултати.

Евалуација на трудот „Разграничување на поимите преведување и толкување“ – Во овој труд се разработува разликата помеѓу процесите на преведување и толкување како клучни за еден изучувач на странски јазик на професионално ниво, како и потребата за изучување на странските јазици за речиси секојдневно општење со луѓето кои меѓу себе зборуваат на различен јазик.

Евалуација на трудот “Investigation of motivation and anxiety in Macedonia while learning English as a second/foreign language” – Во овој труд се разработуваат мотивацијата и анксиозноста како дел од учењето на англискиот јазик како странски кај студентите при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и нивото на нивната застапеност добиено преку темелна обработка на соодветни прашалници.

Евалуација на трудот “X-Ray diffraction and mineralogical study of vertisol in Eastern Macedonia” – Во овој труд се разработува минералогијата на три различни почви во Источна Македонија преку X-Ray дифракцијата како еден од најдобрите методи за идентификација и одредување на количината на минерали во почвата.

***Трудови во печат***

1. Коцева Д., **Петковска Б.,** (2010): „Креативна стимулативна средина за учење и развој” - Креирање современа училница“. Петтиот меѓународен научен собир на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“– Скопје. 28 -29.05.2010 (во печат).
2. **Petkovska B**., Koceva D.: ADVANTAGES OF USING ICT IN HIGHER EDUCATION. 13th International Conference “ICT IN THE EDUCATION OF THE BALKAN COUNTRIES”. June 17 – 19, 2010, Varna, Bulgaria (во печат).
3. Коцева Д., **Петковска Б**.,„Улогата на негацијата во неутрализирање на антонимностите во македонскиот, англискиот и германскиот јазик“. FILOLOŠKA ISTRAŽIVANJA DANAS - Jezik, književnost i komunikacija –FID 2010. Beograd, 26 i 27 novembar 2010 (во печат).
4. Kuzmanovska, D., **Petkovska, B.**, Ulanska, T., “EXTERNAL ASSESSMENT IN EDUCATIONAL INSTITUTIONS IN MACEDONIA”- ELTA- Novi Sad, 08-09. 04. 2011 (во печат).

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената работна биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на нејзиното работење како наставник во приватно училиште и на Филолошкиот факултет, така и на планот на стручното педагошко усовршување, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење и креативност, Комисијата констатира дека м-р Биљана Петковска ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање лектор за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно - научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Биљана Петковска да биде избрана во лекторско звање лектор за научната област англистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска, доцент, претседател, с.р.**
**Д-р Марија Кусевска, доцент, член, с.р.**
**Д-р Билјана Ивановска, доцент, член, с.р.**

### П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на м-р Биљана Петковска, според критериумите дадени со Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Вежби (2008/2009; 2009/2010; 2010/2011; 2011/2012) | 16 x 4 | 0,5 | **32** |
| Вкупно | | | **32** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) – труд 5, 7 | 2 | 3 | **6** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјата) – труд 6 | 1 | 1 | **1** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во странство) – труд 10 | 1 | 2 | **2** |
| Вкупно | | | **13** |
| Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | | | |
| Труд во стручно (научно-популарно) списание – труд 3, 4, 8, 9 | 4 | 6 | **24** |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во земјата) - труд 6 | 1 | 2 | **2** |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (во странство) - труд 1, 2, 11, 12, 13 | 5 | 3 | **15** |
| Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 6 | 5 x 1<br>1 x 0,5 | **5,5** |
| Вкупно | | | **46,5** |
| **Вкупно** | | | **91,5** |